РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр.02-126/6
07.04.26 година
СКОПЈЕ

**ЗАПИСНИК**
**од двесте четириесет и шеста седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 18 март 2026 година**

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 18 март 2026 година, со почеток во 14.00 часот, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте четириесет и шестата седница на Управниот одбор на Академијата на која со физичко присуство присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, м-р Башким Бесими, член на УО, Душица Димитриеска, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Беса Адеми, член на УО, Златко Биковски, член на УО, д-р Али Алиу, член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО. Заменик претседателот на УО, Спасенка Андонова, беше присутна преку видеоконференциска врска.

На седницата присуствуваше и директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас и Ана Милчевска, вработена во Академијата за судии и јавни обвинители како лице задолжено за работа со Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Претседателот на Управниот одбор, претседател на Основен граѓански суд Скопје, Бесник Авдија, констатираше присуство на осум членови на Управниот одбор со физичко присуство и присуство на еден член на Управниот одбор преку видеоконференциска врска, по што го прочита предложениот дневен ред за 246-та седница:

1. Усвојување на Записник од 245-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Усвојување на Годишен извештај за работа на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година.
3. Усвојување на Програма за работа на Академијата за судии и јавни обвинители за 2026 година.
4. Определување на предавачи.
5. Дополнување на Годишен план за јавни набавки за 2026 година на Академија за судии и јавни обвинители број 02-17/5 од 26.01.2026 година.
6. Разно

Претседателот на Управниот одбор, отвори диксусија по однос на вака предложениот дневен ред, но со оглед на тоа дека немаше пријавени за збор, истиот го стави на гласање и дневниот ред беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Усвојување на Записник 245-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, но имајќи предвид дека немаше пријавени за збор, Записникот од 245-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен

на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

**Втората точка** на дневен ред беше точката за усвојување на Годишен извештај за работа на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка. Директорката на Академијата укажа дека оваа година Академијата одлучила Годишниот извештај и Програмата за работа на Академијата да бидат пократки, а посодржаени, согласно примерот на EJTN и ERA. Судијата Беса Адеми праша дали истите се објавуваат на веб страната на Академијата, на што директорката на Академијата одговори дека се објавуваат. Бидејќи немаше понатамошна дискусија по однос на оваа точка, претседателот на Управниот одбор го стави на гласање Годишниот извештај за работа на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година и истиот беше едногласно усвоен

**Третата точка** на дневен ред беше точката за усвојување на Програма за работа на Академијата за судии и јавни обвинители за 2026 година. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка. Бидејќи никој од присутните не побара збор, претседателот на Управниот одбор ја стави на гласање Програмата за работа на Академијата за судии и јавни обвинители за 2026 година и истата беше едногласно усвоена.

**Наредната точка** на дневен ред беше точката за определување на предавачи. Претседателот на Управниот одбор даде збор на директорката на Академијата да даде воведно излагање по однос на оваа точка. Директорката на Академијата, го прочита член 39 став 3 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители и член 20 став 2 од Правилникот за полагање на приемен испит. Членот на Управниот одбор Антоанета Димовска даде предлог до членовите на Управниот одбор да се достави целосна листа на предавачи на Академијата и листа на предавачи на Академијата кои досега изготвувале прашања. По одржана кратка дискусија по однос на оваа точка, членот на Управниот одбор Златко Биковски даде предлог оваа точка да се одложи за наредната седница на Управниот одбор, на која оваа точка на дневен ред може да биде и единствена. Претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлогот на членот на Управниот одбор Златко Биковски оваа точка да биде одложена за наредната седница на Управниот одбор, а во меѓувреме Академијата да ги достави до членовите на Управниот одбор двете гореспоменати листи на предавачи. Ваквиот предлог беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор.

Следно, веднаш едногласно беше договорен термин за одржување на наредната седница на Управниот одбор и тоа на ден 07.04.2026 година, со почеток во 14.30 часот.

**Петта точка** на дневен ред беше точката за Дополнување на Годишен план за јавни набавки за 2026 година на Академија за судии и јавни обвинители број 02-17/5 од 26.01.2026 година. Претседателот на Управниот одбор даде збор на директорката на Академијата да даде воведно излагање по однос на оваа точка. Директорката на Академијата истакна дека при донесувањето на Годишниот план за јавни набавки во јануари 2026 година, Академијата не ја предвидела оваа набавка имајќи предвид дека во тој момент Државниот завод за ревизија вршеше ревизија врз работата на Академијата за 2024 година. Истакна дека на завршниот состанок со претставниците на Државниот завод за ревизија, било дискутирано прашањето околу потребата за акредитирана институција за спроведување психолошки тестови и тестови на интегритет. Директорката на Академијата укажа дека извештајот на ДЗР сеуште не е доставен и дека истиот би требало да биде доставен до крајот на месец март 2026

година. Следно, директорката на Академијата додаде дека по насоки од Бирото за јавни набавки, Академијата спроведе истражување на пазарот, при што се обрати до повеќе институции (Комора на психолози, Институтут за социолошки и политичко правни истражувања и анализи, Институт за психологија при Филозовскиот факултет при УКИМ) со прашање дали вршат таква дејност наведувајќи ги потребите на Академијата согласно член 38 од ЗАСЈО. Директорката истакна дека се до денот на одржувањето на седницата, сеуште се очекува одговор од некои институции, додека одговор бил доставен од Комората на психолози, со достава на линк за стандардизирани психолошки тестови со лимитирана примена за потребите на Академијата за судии и јавни обвинители, каде се гледа дека се стандардизирани тест матрици, вербален тест за логичко резонирање и тест [illegible] тест за невербалентест за мерење на апстрактно мислење.

Понатаму, директорката на Академијата истакна дека бидејќи услугите за психолошко тестирање и тестирање на интегритет не се предвидени во усвоениот План за јавни набавки за 2026 година, а треба да има генерација во почетна обука, истакна дека сака да го праша Управниот одбор дали да се врши дополнување на Планот за јавни набавки, со цел да се има во предвид дека ваквата набавка треба да се спроведе доколку се објави оглас по моментално важечкиот ЗАСЈО или да се почека новиот ЗАСЈО кој на ден 17.03.2026 година е финализиран (во кој закон не се предвидува психолошки тест и тест за интегритет).

Директорката на Академијата појасни дека вредноста на доставениот предлог план за дополнување на планот за јавни набавки е добиена врз база на цената на чинење на ваквите тестирања во 2023 година, кога цената на психолошко тестирање по кандидат била 3.560,00 денари, а тестирање на интегритет - 1.580 денари или вкупно за еден кандидат 5.140,00 денари. Бидејќи однапред не може да се предвиди колкав број на кандидати ќе се пријават на огласот, се предвидува износ за 1000 кандидати или во денари – 5.140.000,00 денари. На крајот, директорката на Академијата истакна дека сака да го постави ова прашање пред Управниот одбор, како дилема која треба да се разгледа.

За збор се јави членот на УО, Беса Адеми, која истакна дека смета дека треба да се почека извештајот од Државниот завод за ревизија, па потоа да се разгледува ова прашање, по што даде предлог, Управниот одбор да донесе Заклучок дека Управниот одбор е запознаен со ова прашање, дека истото е разгледано и дека истото ќе биде повторно разгледано по доставувањето на извештајот од Државниот завод за ревизија.

Претседателот на Управниот одбор го стави ваквиот предлог на гласање и Заклучокот беше едногласно донесен од страна на сите членови на Управниот одбор.

**Последна точка** од дневниот ред беше точката разно. Претседателот на Управниот одбор даде збор на директорката на Академијата да даде излагање по однос на оваа точка. Директорката на Академијата го извести Управниот одбор во однос на неколку точки и тоа дека:

- Во материјалите за седницата е доставена исплатна листа за надоместок на членовите на Управниот одбор за месец февруари 2026 година;
- Во материјалите за седницата е доставена Одлука од Советот на јавни обвинители за бројот на слободни јавно обвинителски места во основните јавни обвинителства;
- Уставниот суд на 4 март 2026 година повел постапка за оцена на уставноста и законитоста на член 1 став 3 во делот "Академија за судии и јавни

обвинители" од Законот за судскиот буџет. Директорката на Академијата истакна дека доколку оваа одредба се укине, работата на Академијата комплетно ќе застане се до донесувањето на закон со кој што би се уредило буџетирањето на Академијата;

Претседателот на Управниот одбор праша дали Судскиот совет доставил до Академијата одлука за слободниот број на судиски места во основните судови, на што директорката на Академијата одговори дека таква одлука сеуште не е доставена, но дека законскиот рок за достава е до 31 март.

Понатаму, директорката на Академијата го информираше Управниот одбор дека минатата недела присуствувала на поткомитет со Брисел.

За збор се јави членот на УО, Радица Лазареска Геровска, која истакна дека би сакала да сподели дека во петокот, во Министерството за социјална политика, демографија и млади, се одржал состанок на Работната група за следење, анализирање и давање препораки за подобрување на националната легислатива за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, како и за подготовка на предлог итни измени на законодавството. Во рамки на состанокот, било заклучено дека се неопходни обуки за јавните обвинители и полицијата за постапување по овие сензитивни предмети и тоа дека истите треба да бидат поинтензивни обуки, во почест временски период. Понатаму, додаде дека на состанокот, меѓудругите присуствувале и претставници од ОБСЕ кои посочиле дека во соработка на Академијата и ОБСЕ е предвидено одржување на обуки на оваа тема и тоа две обуки во периодот септември - октомври 2026 година. Членот на УО, Радица Лазареска Геровска, замоли, доколку е можно обуките на оваа тема да бидат одржани временски порано како и истите да се одржуваат поинтензивно бидејќи се работи за специфична постапка и обуките би биле мошне потребни и корисни во овој момент. Директорката на Академијата одговори дека освен во соработка со ОБСЕ, Академијата во Каталогот на обуки има предвидено одржување на обуки на оваа тема закажани за месеците април/мај 2026 година, кои е предвидено да се организираат самостојно од страна на Академијата, на тема Истанбулска конвенција. Дополнително, директорката на Академијата додаде дека освен обуките кои се организираат самостојно, вакви обуки е предвидено да се одржат и во рамки на трипартитниот меморандум, како и обуки во соработка со ОДИХР на тема говор на омраза.

Последно, директорката на Академијата го запозна Управниот одбор со предлог проект - ACCESS-JUST – Поддршка за пристапување кон дигитална правда и корпоративна одговорност, по што истакна детали во однос на овој проект и тоа дека: ACCESS-JUST е 24-месечен транснационален проект за судска обука координиран од Регионалниот центар на УНДП во Истанбул, дизајниран како директен одговор на потребите идентификувани од националните правосудни институции. Проектот ќе се спроведува во тесна соработка со институциите за судска обука и правосудните органи во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија, Молдавија и Украина. Тој ги поддржува судиите, обвинителите, институциите за судска обука и правосудните органи во земјите од проширувањето на ЕУ, да го зајакнат својот капацитет за справување со дигиталната правда, одговорното користење на вештачката интелигенција и случаите на корпоративна одговорност, во согласност со правото на ЕУ и стандардите за фундаментални права. Проектот е конкретно насочен кон институциите кои веќе се соочуваат со дигитализирани процедури, електронски докази, алатки поддржани од вештачка интелигенција и сложени случаи поврзани со корпорации, кои пријавиле нееднакво обезбедена обука, ограничени рамки за управување со вештачката интелигенција и празнини во практичното учење базирано на случаи. Додаде дека партнери во проектот се:

- Регионален центар на УНДП Истанбул – Координатор на проектот, задолжен за целокупна координација, ангажман со национални институции, обезбедување квалитет и одржливост;
- Полтехнички универзитет во Торино,Италија;
- Академска експертиза за дигитална трансформација, управување со вештачка интелигенција и проценка на технологијата базирана на човекови права;
- Полски институт за човекови права и бизнис;
- Применета експертиза за длабинска анализа на корпоративната одржливост, судски лекови и бизнис и човекови права;
- Лабораторија за бизнис и човекови права, Национален правен универзитет во Украина и
- Регионална и компаративна правна експертиза за корпоративна одговорност и усогласување со ЕУ.

На крајот, директорката ги праша членовите на Управниот одбор дали се согласни да се аплицира за овој проект, на што Управниот одбор едногласно даде согласност.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 246-та седница на Управниот одбор на Академијата во 14.45 часот.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

Записникот го изготви Ана Милчевска,
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси